**ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ**

| | | |
|---|---|---|
| | Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година | Предмет бр.: ИТ-04-82- А<br><br>Датум: 17. ноември 2008<br><br>Оригинал: англиски |

**ПРЕД ЖАЛБЕНИОТ СОВЕТ**

Пред: Судија Мехмет Гунеј, Претседавач

Секретар: г. Ханс Холтхуис

Датум на решение: 17. ноември 2008

**ОБВИНИТЕЛОТ**

**против**

**Љубе БОШКОВСКИ**
**Јохан ТАРЧУЛОВСКИ**

*ЈАВНО*

---

# РЕШЕНИЕ ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПРЕДЖАЛБЕН СУДИЈА

---

**Застапник на Канцеларијата на обвинителот:**
Г-дин Пол Роџерс

**Застапник на Љубе Бошкоски :**
Г-ѓа Едина Решидовиќ и г-дин. Генаил Метро

**Застапник на Јохан Тарчуловски :**
Г-дин Алан М. Дершовиц, г-дин Натан З. Дершовиц, г-дин Антонио Апостолски, г-дин Јордан Апостолски

**Јас, Мехмет Гунеј**, судија во Жалбениот совет на Меѓународниот суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 (понатаму во текстот: Меѓународен суд);

**ИМАЈЌИ ЈА ПРЕДВИД** пресудата во овој предмет која ја донесе Судскиот совет II на 10. јули 2008;[1]

**ИМАЈЌИ ГИ ПРЕДВИД** жалбите на Обвинителството[2] и Јохан Тарчуловски[3] поднесени на Судската пресуда;

**ПОВИКУВАЈЌИ СЕ** на "Решението за назначување судии во однос на предмет поднесен пред жалбен совет и назначување Преджалбен судија" издадено на 30. јули 2008;

**ПОВИКУВАЈЌИ СЕ** на "Решението за замена на Судија во Предмет пред Жалбениот совет" издадено на 11. ноември 2008, со кое судијата Фаусто Покар се заменува со судијата Мехмет Гунеј;

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека согласно со правило 22 (Б) од Правилникот за постапка и докази на Меѓународниот суд (понатаму во текстот: Правилник), назначен сум за судија претседавач во овој предмет;

**СОГЛАСНО** со правило 65 *ter* и 107 од Правилникот,

**СЕ НАЗНАЧУВАМ** за Преджалбен судија во овој предмет. Назначувањето стапува веднаш во сила.

Составено на англиски и на француски, при што англискиот текст е меродавен.

/своерачен потпис/
Судија Мехмет Гунеј
Претседавач

На ден, 17. ноември, 2008 година
Во Хаг,
Холандија.

**/печат на Меѓународниот суд/**

[1] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*, Предмет бр. ИТ-04-82-Т, Пресуда, 10. јули 2008 ("Судска пресуда").
[2] Најава на Обвинителството за поднесување жалба, 6. август 2008; Најава за поднесување на коригирана јавна и редактирана верзија на жалбениот поднесок на Обвинителството, 4. ноември 2008;
[3] Најава на Тарчуловски за поднесување жалба, 8. август 2008;